Бр./Nr 12-517/1

28-01-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2800/1 од 17.10.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес, за Локални избори 2025 година, поднесена против ------, носител на листа за кандидат за советник на коалицијата „------" во -------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Основното јавно обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2800/1 од 17.10.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 17.10.2025 година, до ДКСК е поднесена пријава со наводи со сомневање за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Локални избори, 2025 година, по која е оформен е предмет со број 12-2800/1.
Во пријавата се изнесени наводи за непочитување на законската регулатива за спроведување на изборниот процес, при што се наведува дека лицето -------, носител на листа за кандидат за советник на коалицијата „------" во ------,

незаконски ја финансирал изборната кампања, односно биле извршени градежни работи - асфалтирање на улица која ја поврзува населбата ------- со Општина ------, без одобрение од Општина -------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, од Општина -------- беа побарани информации и релевантна документација во врска со пријавените наводи.
Од страна на Општина -------- е доставено известување дека не располагаат со сознанија, документација или информации во врска со наведените активности, ниту со евентуално учество на лицето ------- во истите.
Во однос на барањето на ДКСК за увид и контрола на наведените локации на територијата на општината, Општината не информира дека нема вработен градежен инспектор, кој би иврршил увид и контрола на наведените градежни активности.

Дополнително од страна на Основното јавно обвинителство побарана е информација во врска со оформениот предмет односно за преземените активности во насока на утврдување на фактичката состојба. Имајќи предвид дека пријавата е доставена и до Основното јавно обвинителство Скопје, ДКСК целокупната расположлива документацијата во врска со оформениот предмет ќе ја достави до Основното јавно обвинителство за понатамошно нивно надлежно постапување.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК